Erasmus+ НАЦИОНАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКИ ОБРАЗОВНИ ПРОГРАМИ И МОБИЛНОСТ Co-funded by the European Union

ИМЕ НА ПРОЕКТОТ	ПОДОБРУВАЊЕ НА ВЕШТИНИТЕ ЗА МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА (M&E) ЗА ЈАВНИТЕ И ДРЖАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ
ПРОЕКТЕН ЛИДЕР И ПАРТНЕР	МАКЕДОНСКАТА МРЕЖА НА ЕВАЛУАТОРИ (МЕН) ВО ПАРТНЕРСТВО СО ХРВАТСКОТО ЕВАЛУАЦИСКО ДРУШТВО (HEVAL)

ЗА ПРОЕКТОТ

Проектот има цел да промовира M&E во јавниот сектор како основа за транспарентност, одговорност, донесување одлуки засновани на докази, управување насочено кон резултатите и подобрено управување со јавни ресурси.

Со овој проект, очекуваме да се зголеми свесноста во јавниот сектор за потребата од зголемена употреба на евалуација во имплементацијата на нивните стратегии, политики, програми и буџети.

КЛУЧНИ ЦЕЛИ

Зголемување на капацитетот за M&E: Тренинг на 60 јавни и државни службеници за практични вештини во мониторингот и евалуацијата (M&E) за подобрување на ефикасноста на проектите во јавниот сектор. Засилување на соработката помеѓу земјите-членки на ЕУ и земјите кандидати за членство. Овозможување на трансфер на знаење за стандардите на M&E на ЕУ и помагање на институциите од Северна Македонија да се подготват за идната употреба на структурни фондови на ЕУ кога ќе започне процесот на преговори.
Промовирање на одговорноста и подобро донесување одлуки: Подобрување на практиките на управување со проекти, осигурувајќи поголема фокусираност кон резултатите и поефективна употреба на јавните ресурси.

АКТИВНОСТИ

1.Развивање на 5 тренинг модули за M&E: Модули прилагодени за јавната администрација со кои ќе ги подобрат практичните вештини во M&E.
2.Испорака на четири обуки во три плански региони: Обука за 60 учесници од централни и локални владини институции.
3.Студиска посета во Хрватска: Студиската посета ќе им овозможи на учесниците да се запознаат со успешните практики на M&E во Хрватска, и ќе ја поттикнат соработката во регионот.
4.Кампања на социјалните медиуми: Подигање на свеста и промоција на важноста на M&E во јавниот сектор,поттикнувајќи поголемо учество.

MEN Macedonian Evaluation Network

HEval Hrvatsko evaluacijsko društvo

ЦЕЛНИ ГРУПИ

• Службеници во јавната администрација на локално и национално ниво
• Државни службеници
• Професионалци од јавниот и цивилниот сектор вклучени во управување со проекти, евалуација и надзор

ЗОШТО Е ВАЖЕН ОВОЈ ПРОЕКТ?

Овој проект помага за подобрување на вештините за M&E на јавните идржавните службеници, ги промовира стандардите на ЕУ иподобрува управувањето со јавниот сектор. Со фокусирање наподобрување на процесот на донесување одлуки и одговорност,проектот обезбедува поефективна употреба на јавните ресурси,поставувајќи темел за успешен управувачки систем и интеграција воЕУ.

МАКЕДОНСКАТА МРЕЖА НА ЕВАЛУАТОРИ (МЕН)

Македонската мрежа на евалуатори (МЕН) е професионална мрежа на евалуатори и игра значајна улога во промовирањето на евалуациските практики во Македонија преку различни иницијативи и соработки, насочени кон зголемување на капацитетот и ефективноста на евалуацијата во регионот, преку:

• Членство и соработка со регионални мрежи
• Иницијативи за зајакнување на капацитетите
• Организирање конференции и настани
• Застапување за евалуациските практики
• Спроведување на специфични проекти
• Обезбедување ресурси и информации

Контакт
Мрежа за евалуација на Македонија (МЕН)
Е-маил: info@men.mk Вебсајт: www.men.mk
Социјални медиуми: Facebook/LinkedIn/Instagram

ХРВАТСКОТО ЕВАЛУАЦИСКО ДРУШТВО (HEVAL)

Croatian Evaluation Society - CES (Hrvatsko evaluacijsko društvo - HEVAL), има за цел промовирање, развивање и подобрување на евалуацијата на јавните политики, програми и проекти, како и промовирање, развивање и подобрување на културата на евалуација во Хрватска, преку:

• Зголемување на квалитетот и влијанието на евалуациите на јавните политики, програми и проекти.
• Поттикнување на култура на евалуација во јавната администрација и цивилното општество.
• Поддршка на професионалниот развој на евалуаторите.
• Застапување за интеграција на наодите од евалуациите во процесите на донесување одлуки за подобрување на управувањето и одговорноста.

Хрватското евалуациско друштво (HEVAL)
Вебсајт: https://evaluacija.hr/
Социјални медиуми: Facebook/LinkedIn/Instagram